# ВОДИЧ ЗА ПАЦИЕНТИ



ACIBADEM | SISTINA

# ЗА ЖИВОТОТ СЕ РАБОТИ






ACIBADEM | SISTINA

# КЛИНИЧКА БОЛНИЦА „АЏИБАДЕМ СИСТИНА“

Клиничката болница „Аџибадем Систина“ е најголемата и најмодерна приватна болница во регионот и е пример за успешна приказна во здравствениот сектор со медицински услуги според најновите протоколи во лекувањето на пациентите. Врвниот медицински тим користејќи современи методи и техники им стои на располагање на пациентите 24 часа во денот, 7 дена во неделата.

„Аџибадем Систина“, првата екоболница во земјава, е сместена во ултрамодерен објект на 26.700 м2. Архитектурата на болницата е изведена во согласност со сите меѓународни стандарди, а безбедносниот систем е на највисоко ниво. Болницата е распространета на 11 ката со капацитет од 200 болнички кревети, 105 болнички соби и 16 ВИП-апартмани. На располагање на пациентите се и 62 интензивни болнички кревети и 74 места за  дневна болница. Комфорот и условите во болницата се адаптирани на оние од хотел со 5 ѕвезди.

Клиничката болница „Аџибадем Систина“ го доби златниот печат за квалитет и безбедност од JCI – најпрестижната организација за акредитација на болници во целиот свет. Овој печат е доказ за квалитетот, кој е резултат на посветеноста на Болницата во обезбедување безбедна и ефикасна услуга за своите пациенти. Акредитацијата од JCI претставува сигурност за секој пациент дека е безбеден и дека добива најдобра медицинска грижа.

Брендот Систина во македонското здравство започна во 2001 година со првата болница од областа на гинекологија и акушерство. 10 години подоцна ја прошири својата дејност со отворањето на првата приватна клиничка болница во земјава. Развојот на „Систина“ не застана тука.

Од ноември 2010 година е потпишан договор за афилијација со најголемиот и најсовремен синџир на болници во Југоисточна Европа, „Аџибадем“. Договорот создаде можност за размена на знаења, искуства и едукација со медицинскиот тим на турскиот здравствен гигант. За само една година оваа успешна соработка прерасна во заедничко партнерство. Клиничката болница „Систина“ стана дел од Здравствената групација „Аџибадем“ и прва болница на овој лидер во здравството надвор од границите на Турција.

„Аџибадем Систина“ денеска е дел од вториот најголем синџир на болници, малезиската групација Integrated Healthcare Holdings (IHH). Влегувањето во оваа групација ја постави Македонија на светската здравствена мапа.

Клиничката болница „Аџибадем Систина“ како врвна и најсовремена здравствена установа во земјава постојано вложува во својот кадар и медицинска технологија со цел да ја овозможи најдобрата здравствена грижа за своите пациенти.

**Здравјето е најголемо богатство, дозволете ние да се грижиме за него.**

# ВОДИЧ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ НА ПАЦИЕНТИТЕ

Воспоставувањето и одржувањето добра комуникација помеѓу пациентот и лекарот се клучни за градење доверба и во голема мера позитивно влијае врз целокупниот процес на лекувањето.

Лекарот и пациентот заеднички ја донесуваат одлуката за процесот на лекувањето. Овој пристап е корисен и за лекарот и за пациентот бидејќи овозможува активно вклучување на пациентот во процесот на лекување.

Здравствените професионалци треба постојано да ги информираат пациентите за нивната клиничка состојба, да им ги предложат методите на дијагноза, да им ги објаснат можните ризици и компликации, како и можностите за лекување.

Пациентот има право да му поставува прашања на лекарот во врска со заболувањето. На тој начин пациентот ќе биде подобро информиран за своето заболување и со тоа ќе може да учествува во процесот на лекување.

## Информираните пациенти придонесуваат за помал број медицински грешки

Медицинските грешки најчесто се последица на недоволната комуникација меѓу лекарот и пациентот, недоволна информација од страна на пациентите во врска со болеста и нивната пасивност во процесот на лекување.

Затоа многу е важно пациентите активно да се вклучат во процесот на донесување одлуки, да бидат активни во своето лекување, да бидат информирани за своите медицински проблеми и да има добра комуникација во релацијата пациент-лекар-медицинска сестра.

## Спречување пад

Средината во болницата не наликува на средината од вашиот дом. Затоа функционирањето во овие две средини има различни карактеристики.

Лековите што ги примате за време на вашиот престој во болницата, како и некои терапевтски процедури може да влијаат врз центарот за рамнотежа и да бидат причина за пад за време на вашиот престој.

Заради ваша безбедност ве молиме сите лекови кои ги примате како редовна терапија, препишани од вашиот матичен лекар или од друг лекар специјалист, да ги пријавите кај вашиот лекар во нашата болница.

Ве молиме преземете ги следниве мерки на претпазливост во текот на вашиот престој во болницата:

- Проверете дали системот за повик на медицинска сестра и сите ваши лични предмети кои ви се неопходни за нормално функционирање се поставени на соодветно место. Доколку нешто од ова недостасува, побарајте помош од медицинската сестра или друго вработено лице кое е достапно во моментот.

- Не менувајте го сами нивото на висина на која е поставен креветот во болничката соба. Доколку ви е потребно, побарајте помош од медицинската сестра.
- Проверете дали осветлувањето е добро и дали влечките кои ги носите кога се движите низ болницата не се лизгаат.
- Информирајте ја медицинската сестра доколку имате потреба од помош при станување од кревет.
- Доколку ви се појави вртоглавица додека станувате од кревет, останете во седечка положба неколку минути. Ако вртоглавицата не исчезне, побарајте помош од медицинската сестра.
- Доколку има поставено предмети што го попречуваат вашето движење и кои може да предизвикаат пад, побарајте истите да бидат отстранети.
- Доколку имате потреба од помош при движење или имате потреба од помош при користење на медицинските помагала за движење, веднаш известете ја медицинската сестра.
- Информирајте се за начинот на употреба на предметите што се користат во секојдневните активности (миење, јадење, пиење, облекување).
- Пред да се бањате консултирајте се со медицинската сестра и почитувајте ги инструкциите кои таа ќе ви ги даде. Доколку имате потреба од помош при бањање, информирајте ја медицинската сестра.

# НА ВАШИОТ ЛЕКАР ПОСТАВЕТЕ МУ ГИ СЛЕДНИВЕ ПРАШАЊА:

Некои од прашањата кои е потребно да му ги поставите на вашиот лекар со цел да воспоставите здрав однос и соработка:

**За вашите тегоби или за вашето здравје**

- Која е мојата дијагноза?
- Дали се знае што би можело да ја предизвика оваа состојба?
- Дали моите тегоби\болест може да се излекуваат?
- Дали постојат некои одредени симптоми кои треба да ги забележам и да ве информирам во случај тие да се појават?
- Дали е потребно да променам одредени животни навики?

**За испитувањата:**

- Што може да се заклучи врз основа на резултатите од испитувањата што ги предложивте?
- Кога ќе ги добијам резултатите?
- На што треба да внимавам пред испитувањето?
- Дали некои од испитувањата можат да бидат штетни за мене?

**За лекувањето:**

- Дали ги погледнавте резултатите од испитувањето?
- Која е постапката за лекување на ваквата состојба?
- Колку долго ќе трае лекувањето?
- Кои се шансите за успех од лекувањето?
- Кои се потенцијалните ризици и несакани последици поврзани со ова лекување?
- Дали постои одредена храна, лекови или активности кои треба да ги избегнувам во текот на лекувањето?
- Во моментов земам други лекови за други здравствени проблеми. Дали ќе има негативно влијание врз моето лекување доколку продолжам да ги земам?
- Дали пушењето и консумирањето алкохол има одредено влијание?
- Што ќе се случи ако направам грешка при примената на лековите што вие ми ги препишавте?
- Дали постојат алтернативни можности за лекување за кои треба да бидам информиран?
- Дали постојат подобри можности за лекување кои не се достапни во вашата болница, но постојат во други болници?

# ИНФОРМАЦИИ ЗА БОЛНИЦАТА




ACIBADEM | SISTINA

# ДОБРЕ ДОЈДОВТЕ ВО КЛИНИЧКАТА БОЛНИЦА „АЏИБАДЕМ СИСТИНА“

Овој прирачник за пациенти е направен со цел да ви го олесни престојот во нашата болница. Во него се објаснети вашите права, но и обврски за време на лекувањето.

Нашата болница располага со современа и модерна технологија, со врвен тим специјалисти признати во земјава и регионот. Главната цел и мисија е да ви обезбедиме услуга заснована на доверба, сигурност и квалитет на највисоко ниво.

Современата архитектура на нашата болница овозможува максимална функционалност. Сите оддели се меѓусебно поврзани со што се овозможува дијагноза и третман на пациентите во најкраток временски интервал.

Операционите сали и единиците за интензивна нега се изградени според светски протоколи, а во модерно опремените болнички соби и апартмани нудиме комфор и пријатен амбиент.

Со нашата постојана заложба за квалитетно и модерно здравство ги подигнавме стандардите за здравствена грижа во земјава. Станавме лидери во регионот, а пациентите го препознаа нашиот квалитет. Станавме болница каде што приоритет е здравјето и животот на пациентот.

За здравјето најважни се знаењето и искуството бидејќи

**ЗА ЖИВОТОТ СЕ РАБОТИ**

Со почит,

**Клиничка болница „Аџибадем Систина“**

| | |
|---|---|
| **УРГЕНТЕН ЦЕНТАР** | Медицинскиот тим од нашиот ургентен центар кој работи 7 дена во неделата и 24 часа на ден е подготвен навремено да одговори на сите ваши здравствени потреби. |
| **АМБУЛАНТСКИ УСЛУГИ** | Ве молиме информирајте ја вашата медицинска сестра ако имате потреба од дополнителна амбулантска услуга во нашата болница. |
| **АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК** | Ве молиме пополнете го дигиталниот анкетен прашалник кој ќе ви биде доставен во вашата соба за да нè информирате за вашите препораки и сугестии, односно да нè информирате за задоволството од престојот во нашата болница. Анкетниот лист ќе го добиете од страна на советникот за заштита на правата на пациентите. Резултатите добиени од анкетниот лист имаат посебно значење за нас и ќе ни помогнат во напорите да ви обезбедиме најдобри услуги за време на вашиот престој во болницата. |
| **МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ** | За време на вашиот престој во болница, ве молиме да ги исклучите мобилните телефони или истите да ги поставите на тивок режим на ѕвонење со цел да може непречено да се одвива лекарскиот преглед и сите потребни интервенции. Исто така, тивката болничка атмосфера е од големо значење за секој пациент. |
| **КОНТАКТ ЦЕНТАР (CALL) ЦЕНТАР** | Нашиот Контакт центар ви стои на располагање за закажување прегледи и интервенции во нашата болница. Исто така, вработените од Конактк  центарот ќе одговорат на сите ваши испратени пораки на е-пошта за закажување термини или ќе ви дадат информација во врска со вашата подготовка пред радиолошка или ендоскопска интервенција. |
| **ПРЕВЕДУВАЧ** | За потребите на комуникација на странски јазик, КБ „Аџибадем Систина“ ви обезбедува услуги од нашите преведувачи. Вработените од секторот за односи со пациенти ќе ви помогнат во однос на ова прашање. |

| | |
|---|---|
| **ЦВЕЌИЊА** | На катовите каде што се сместени пациентите не се прифаќаат цвеќиња поради постоење ризик од појава на алергии. Доколку пристигнат цвеќиња испратени до вас, истите ќе се прифатат од административниот персонал на приемниот пулт и ќе ви бидат предадени при вашиот испис од болницата. Ве молиме за ова обратете се на административниот приемен пулт. |
| **НУТРИЦИОНИСТИЧКИ УСЛУГИ** | Нашиот нутриционист, доколку е потребно, во консултација со ординирачкиот доктор ќе изработи посебен режим на исхрана за вас, врз основа на вашата здравствена состојба и потребниот медицински третман. |
| **ЕЛЕКТРИЧНИ АПАРАТИ** | Ве молиме не вклучувајте електрични апарати со голема потрошувачка на електрична енергија во вашата соба поради можноста од електрична или техничка опасност. |
| **ДОМАШНИ МИЛЕНИЦИ** | Не се дозволува внесување домашни миленици во болницата. |
| **ВЕСНИЦИ И МАГАЗИНИ** | Во болницата достапен е магазинот „Аџибадем Систина ПЛУС“ кој може да го добиете во секое време. Поради ковид-безбедносни мерки, повлечени се сите надворешни магазини и весници. |
| **СОВЕТНИЦИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ** | Нашите советници за заштита на правата на пациентите ќе ве посетат и ќе ги слушнат вашите забелешки и сугестии и навремено ќе се информираат за вашите барања. Вашите мислења и сугестии се многу значајни за подобрување на услугите што се нудат во нашата болница. |
| **СИСТЕМ ЗА ГРЕЕЊЕ И ЛАДЕЊЕ** | Системот за греење и ладење се контролира локално во вашата болничка соба и го регулира медицинската сестра. Доколку имате проблем со овој систем, информирајте ја медицинската сестра која ќе ја извести техничката служба во најкраток рок да го реши проблемот. |

| | |
|---|---|
| **МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ** | За време на вашиот престој, можете да добиете грижа од медицинска сестра кога за тоа ќе имате потреба.<br><br>**ЛИЧНА МЕДИЦИНСКА СЕСТРА**<br><br>Доколку сакате да имате медицинска сестра која ќе престојува со вас 24 часа, Клиничката болница „Аџибадем Систина“ тоа ќе ви го овозможи, но истото се наплатува дополнително. За ова ве молиме контактирајте ја одговорната медицинска сестра на одделот на кој сте сместени.<br><br>**СИСТЕМ ЗА ПОВИК НА МЕДИЦИНСКА СЕСТРА**<br><br>Медицинските сестри ви се достапни секогаш кога ќе имате потреба од нивна услуга. Системот за повик на медицинска сестра се наоѓа странично од вашиот кревет и истиот може да го искористите секогаш кога ќе имате потреба од нејзино присуство. Таа ќе пристигне во вашата соба за најкраток можен временски рок. |
| **ВЕРСКИ УСЛУГИ** | Во нашата болница ви се достапни места за извршување верски потреби. Во склоп на болницата има црква и соба за молење кои постојано ви стојат на располагање. |
| **ИНТЕРНЕТ** | Во цела болница има достапна бесплатна бежична интернет-мрежа. |
| **ЛИЧНИ ПРЕДМЕТИ** | При прием во болницата, вашите лични предмети пријавете ги кај медицинската сестра која го прави приемот. Сите ваши лични предмети се чуваат согласно пропишана процедура во болницата. За ова информирајте се кај вашата медицинска сестра. |
| **УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ** | Нашиот персонал за одржување хигиена се грижи за вашата соба и околина да бидат постојано чисти. |

| | |
|---|---|
| **ФРИЗЕРСКИ УСЛУГИ** | Во болницата може да користите фризерски услуги кои дополнително се наплаќаат, освен за родилките на Оддекот за гинекологија и акушерство. |
| **МАСАЖА** | За време на вашиот престој во болницата може да добиете релаксациона масажа која дополнително се наплаќа. За ова информирајте се кај вашата медицинска сестра. |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ** | Клиничката болница „Аџибадем Систина“ ви е на располагање за сите ваши службени потреби, како факс, телефон, интернет, пристап до компјутер, фотокопир и слично. Административниот работник ќе ве информира за достапноста на овие услуги. |
| **ПЛАЌАЊЕ** | За какви било предвремени плаќања кои се наведени пред вашиот прием, може да се плати во одделот за наплата. Во текот на вашиот престој, персоналот од одделот за наплата ќе ве информира за последната состојба на вашите трошоци за лекување и начини на плаќање. Во случај на долгорочна хоспитализација, ќе треба да платите аванс за вашите трошоци за лекување. Трошоците за лекување можете да ги платите во готово или со кредитна картичка.<br><br>Доколку имате евра или други девизи, истите можете да ги смените во денари во банката што е во состав на болницата. |
| **ПРИДРУЖБА ВО  СОБА** | Посебен кревет и стандардно мени за храна се достапни за придружникот. Секој посетител кој е присутен во болничката соба по 22:00 часот се смета дека е придружба. Прифатливо е само еден придружник по пациент во болничката соба. Придружбата се наплаќа. |
| **ТИШИНА** | Вашата подготвеност да се обезбеди мирна околина во болницата ќе помогне во процесот на лекување на пациентите. |

| | |
|---|---|
| **ПУШЕЊЕ** | Пушењето е забрането во нашата болница. |
| **ПИЕЊЕ ВОДА** | Персоналот кој ја носи храната во вашата соба ви доставува флаширана вода за пиење. Исто така може да ги користите апаратите за вода што се наоѓаат на катот на кој сте сместени. |
| **ПРОЦЕДУРА ЗА ИСПИС** | Вашата процедура за испис ќе биде иницирана од страна на вашиот лекар и административниот работник, кои ќе ве известат за целиот процес на работа. |
| **ТЕЛЕФОН** | Телефонот кој е достапен во собите на стационарот за акушерство можете да го искористите за да ја повикате медицинската сестра која се грижи за вашето новороденче. Телефонската линија е директно поврзана со локалот во сестринската соба на Одделот за неонатологија. |
| **ТЕЛЕВИЗИЈА** | Доколку имате проблем со управување на далечинскиот управувач на телевизорот, побарајте помош од персоналот кој ви е достапен во моментот. Ве молиме тонот на телевизорот да биде наместен на тивок режим, за да не се вознемируваат другите пациенти. |

## ТЕЛЕВИЗИСКИ КАНАЛИ

| Број на канал | ТВ-канал | Број на канал | ТВ-канал | Број на канал | ТВ-канал |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | МТВ | 15 | ERA-SK (D1-SK) | 29 | SK HD |
| 2 | Сител | 16 | N1 SD | 30 | Лов и риболов |
| 3 | Канал 5 | 17 | Vizion Plus | 31 | Arena 4 |
| 4 | Телма | 18 | News 7 | 32 | Sport Klub 1 HD 3 |
| 5 | Алфа ТВ | 19 | RTV 21 | 33 | FOX HD 3 |
| 6 | Arena 1 | 20 | Viasat History HD 3 | 34 | TV 1000 upscaled HD 3 |
| 7 | Sport Klub 2 | 21 | RTS | 35 | M1 Gold |
| 8 | RTV 21 M | 22 | Arena 3 | 36 | Brainz HD 3 |
| 9 | KLAN Macedonia | 23 | National Geographic HD 3 | 37 | Fashion TV |
| 10 | ТВ 24 | 24 | BBC Earth | 38 | CNN |
| 11 | Al Jazeera | 25 | Viasat Nature HD 3 | 39 | Sport Klub 3 HD 3 |
| 12 | МТВ 2 | 26 | Arena 2 | 40 | Deutche Welle |
| 13 | Alsat M | 27 | Vavoom HD 3 | 41 | Инфо канал на „Аџибадем Систина“ |
| 14 | Собраниски канал | 28 | Boomerang | | |

| | |
|---|---|
| **ТЕХНИЧКА СЛУЖБА** | Нашата техничка служба е достапна 24 часа во денот за да се погрижи за секој дефект на опремата. |
| **ТРАНСПОРТ** | Нашиот административен работник ќе ви помогне да повикате такси, доколку ви е потребно. |
| **МЕДИЦИНСКИ ТРАНСПОРТ** | Медицински транспорт се врши на ваше барање во консултација со доктор. Нашите санитетски возила се оспособени за секаков вид медицински транспорт (критично болни пациенти и бебиња). |
| **ОБРОЦИ** | Во Клиничката болница „Аџибадем Систина“ нутриционистичката процена на пациентот ја прави ординирачкиот доктор кој во согласност со поставената дијагноза и моменталната здравствена состојба ви препишува една од трите фиксни диети: стандардна, кардиолошка или дијабетска диета. За секоја од овие три диети постои вегетаријанска варијанта на оброк.<br><br>Доколку ординирачкиот доктор смета дека за одреден хоспитализиран пациент е потребна специјална диета, тогаш тој треба целосно да ја изготви согласно дневните нутритивни потреби на пациентот.<br><br>**ОБРОЦИТЕ СЕ СЛУЖАТ ВО СЛЕДНИТЕ ВРЕМЕНСКИ ТЕРМИНИ:**<br>• Појадок (8:00-8:30 часот)<br>• Ручек (13:00-13:30 часот)<br>• Вечера (18:00-18:30 часот)<br><br>**ОВОШНАТА УЖИНА СЕ СЛУЖИ ВО СЛЕДНИТЕ ВРЕМЕНСКИ ТЕРМИНИ:**<br>• I ужина (10:00-10:30)<br>• II ужина(14:30- 15:00)<br>• III ужина(19:30-20:00 |

# ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПАЦИЕНТИТЕ И НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА



# ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПАЦИЕНТИТЕ И НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА

- Пациентите имаат право на квалитетна медицинска нега и третман, без оглед на раса, боја на кожа, јазик, вера, хендикеп, сексуална определба и економско социјална состојба;
- Пациентите имаат право да бидат информирани за здравствената состојба, препорачаните медицински интервенции, текот, постапката и можните ризици при изведување на истите;
- Пациентите секогаш имаат право да побараат стручно мислење;
- Пациентите имаат право на навремена и соодветна медицинска грижа кога имаат/чувствуваат болка;
- Пациентите се должни да постапуваат според советите на здравствените работници за нега, третман и рехабилитација и да се грижат за своето здравје;
- Пациентите се должни да прифатат ангажман доколку истиот е дел од рехабилитацијата и ресоцијализацијата во функција на реактивирање на социјалните вештини, како и активно да соработуваат со здравствените работници;
- Како пациенти треба да го почитуваат професионалното и човеково достоинство на здравствените работници и целокупниот персонал во нашата болница, како и на другите пациенти;
- Медицинскиот персонал во болницата е подготвен да пружи посебна нега на терминалните пациенти во последните моменти од животот;
- Пациентите имаат право да бидат информирани за името и презимето на персоналот кој се грижи за нив, за нивната стручна подготовка и титула во болницата;
- Пациентите се должни да дадат точни и целосни податоци за нивниот идентитет, адреса на живеење и здравствената состојба, како и да ја пријават секоја промена на личните податоци;
- Пациентите имаат право на заштита на личните податоци, согласно законот. Сите интервенции на пациентите се изведуваат во присуство на лицата кои се неопходни за извршување на истите;
- Пациентите имаат право на увид во медицинското досие и право да добијат копија на податоците/документите од досието;
- Пациентите имаат право да ја напуштат болницата на свое барање со писмена согласност, освен во случај кога тоа би било штетно за безбедноста и здравјето на пациентот или за безбедноста и здравјето на други лица;
- Пациентите и нивните семејства имаат право да прифатат/одбијат одредена медицинска услуга, освен во случај кога со тоа би се загрозило нивното здравје и здравјето на други лица;

- Без писмена согласност, пациентите не можат да бидат вклучени во медицинска настава и научни клинички истражувања;
- Клиничка болница „Аџибадем Систина“ ги почитува духовните и верски определби на пациентите;
- Сите пациенти имаат право да добијат сметка за извршените медицински услуги и обврска да ја подмират финансиската сметка пред напуштање на болницата;
- Пациентите имаат право да бидат заштитени од физички напад за време на престојот во болницата;
- Во Клиничка болница „Аџибадем Систина“ постојат советници за заштита на правата на пациентите, со кои пациентите имаат право да се консултираат и да добијат правни совети и помош во остварување и заштита на правата како пациент;
- За време на престојот во Клиничка болница „Аџибадем Систина“ пациентите се должни да го почитуваат Куќниот ред во болницата кој им се дава на увид и потпис при приемот во нашата болница.

call center
02 3099 500

www.acibademsistina.mk